**Врз основа на член 20 став 2 од Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/01, 42/03, 40/04, 70/06, 126/06, 88/08, 133/09, 171/10, 185/11, 6/12, 79/13, 188/13, 115/14, 129/15, 154/15 и 23/16), министерот за финансии донесе**

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ОДОБРЕНИ И РЕГИСТРИРАНИ ФИСКАЛНИ СИСТЕМИ НА ОПРЕМА

**Службен весник на РМ, бр. 61 од 31.03.2016 година**

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на одобрени и регистрирани фискални системи на опрема (по понатамошниот текст: Регистарот).

## Член 2

Регистарот ги содржи следните податоци:
- назив на соодветниот модел на фискална апаратура;
- регистарски број составен од алфанумерички знаци доделен од Управата за јавни приходи;
- назив, адреса на седиште и единствен даночен број на даночниот обврзник;
- ДДВ број;
- назив и адреса на деловен објект (подружница);
- датум на регистрација;
- број на фискалниот систем на опрема;
- број на фискалната меморија;
- број на крипто медиумот;
- број на SIM картичката;
- број на SD картичката,
- датум на промена и датум на дерегистрација;
- приоритетна дејност на субјектот и
- други податоци.

## Член 3

Регистарот се води во електронска форма.

## Член 4

Податоците во Регистарот се внесуваат автоматски при електронските постапки на регистрација, промена на податоци или одјава на фискалниот систем на опрема со GPRS уред кои ги иницира стручно техничко лице во овластен сервисен центар на производителот на фискалниот систем на опрема.
Во Регистарот се внесуваат и сите промени на податоците кои ќе настанат по извршениот упис.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/16).

Бр. 20-1538/4
28 март 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.